35807

СЕКОЈ ПЕТОК ВО МУЗЕЈОТ НА СОВРЕМЕНА УМЕТНОСТ ВО СКОПЈЕ ФИЛМСКИ ПРОЕКЦИИ

# Почеток со »Девствен извор«

Во кино салата на Музејот на современа уметност во Скопје, денес, со почеток во 12 часот, ќе биде прикажано Бергмановото кинематографско остварување **„Девствен извор"**.

Со овој филм на Ингмар Бергман, всушност, започнува циклусот на филмски проекции, кои во Музејот ќе се одржуваат секој петок точно напладне. За овој месец љубителите на седмата уметност ќе имаат можност да проследат уште еден филм на Бергман, „Поуки за љубовта", а во наредните термини ќе бидат прикажани „Нож во вода" на Роман Полански и „Нежна кожа" од Франсоа Трифо.

Во Музејот на современа уметност најавуваат филмски проекции на значајни светски кинематографски остварувања во текот на целата година, кои се организирани во соработка со Заводот за културно-просветен и наставен филм од Скопје.

**В. С.**

**ВЕЧЕР** ☆ **1 април 1988 година** ,7676,11,